# Ротавирус

Информации за имунизација

## Ротавирус

Ротавирусот предизвикува сериозен инфективен вид на гастроентеритис (воспаление на стомакот и цревата). Кај некои луѓе нема симптоми, но кај многу малите деца е поголема веројатноста да дојде до сериозни симптоми – од благ пролив до пролив опасен по живот, кој предизвикува дехидрација (губење на течности) и за кој е потребно болничко лекување и може да доведе до смрт.

Националната програма на вакцинација против ротавирусот почна во 2007 година и се проценува дека бројот на случаи примени на болничко лекување е намален за 7.000 годишно. Случаите примени на болничко лекување се обично помалку сериозни.

Со имунизација може да го намалите ризикот од инфекција на вашето бебе со ротавирус. Сите деца треба да примат вакцина. Ако не се вакцинирани, тие може да се заразат со ротавирусот ако нивната храна, вода или раце се загадени со измет на заразено лице.

Сериозни контраиндикации (side effects) или алергични реакции се ретки. Ако сте загрижени за реакцијата на вашето дете на која и да е вакцина, веднаш отидете кај вашиот доктор.

## Имунизација против ротавирусот

Заштита од ротавирусот е на располагање бесплатно преку Националната програма за имунизација. Во Викторија, имунизацијата е бесплатна за бебињата и се дава низ уста во две дози на возраст од два и четири месеци. Првата доза мора да се даде пред бебето да биде на возраст од 14 недели и шест дена, а втората доза пред да има 24 недели и шест дена.

Вакцината не заштитува од други видови на пролив, но го намалува ризикот од пролив опасен по живот предизвикан од ротавирусот.

## Список за проверка пред имунизација

Пред да ја добие вакцината, речете му на вашиот доктор или медицинска сестра ако вашето бебе:

- е постаро од препорачаната возраст за првата или втората доза
- не му е добро (има температура над 38.5°C)
- имало сериозна реакција на која и да е вакцина
- имало силна алергија на било што
- имало intussusception (блокирање предизвикано кога еден дел од цревата се вовлекува во соседниот дел, како делови на телескоп) или вродена абнормалност што може да доведе до intussusception
- прима стероидни лекови
- примило трансфузија на крв или крвни продукти
- има намален имунитет поради ослабен имунолошки систем, абнормална состојба на крвта или пореметување, рак, СИДА (HIV) или извесни лекови
- ако некој во вашето домаќинство има намален имунитет.

Victoria State Government
Health and Human Services

## Контраиндикации на вакцината против ротавирус

Вакцината против ротавирусот е ефикасна и безбедна, иако секој лек може да предизвика несакани ефекти.

Контраиндикациите (side effects) може да вклучуваат:

- изметот на некои бебиња може да содржи ротавирус после вакцинацијата – секогаш се препорачува темелно миење на рацете после менувањето на пелени, а луѓето со низок имунитет треба да ги одбегнуваат валканите пелени во тој период.

## Ретки контраиндикации на имунизација

Постои многу мал ризик од сериозна алергична реакција (анафилакса) на секоја вакцина. Затоа ви се советува да останете во клиниката или медицинскиот центар најмалку 15 минути по имунизацијата, во случај да е потребно натамошно лекување.

До intussusception може да дојде (во ретки случаи) кај бебињата во првите три недели по добивањето на првата или втората доза на вакцината против ротавирусот. Знакови дека бебето можеби има intussusception вклучуваат:

- „напади“ на плачење
- бледило
- собирање на нозете кон стомакот.

Најновите проучувања во Австралија и во странство посочуваат дека постои одвај малку зголемен ризик од intussusception кај бебињата во првите три недели по добивањето на првата и втората доза на вакцината против ротавирусот. Ризикот е приближно шест дополнителни случаи на intussusception на секои 100.000 вакцинирани бебиња или 14 дополнителни бебиња годишно во Австралија добиваат intussusception.

## Каде да се побара помош

- Од вашиот доктор
- Во вашата локална државна служба за имунизација
- На интернет страницата Better Health Channel https://www.betterhealth.vic.gov.au/health/healthyliving/rotavirus-immunisation

За да го добиете ова издание во достапен формат телефонирајте на 1300 882 008, користејќи National Relay Service на 13 36 77 ако е потребно или пратете имејл на immunisation@dhhs.vic.gov.au

Одобрила и објавила Викториската влада, 1 Treasury Place, Мелбурн.

© Држава Викторија, Department of Health and Human Services, јуни 2017.